STOP fast fashion
Sustainable fashion



# Преправи, искористи, измисли повторно

МОДУЛ 3.

Co-funded by the European Union

FERI

MATA

# ПРЕПРАВИ, ИСКОРИСТИ, ИЗМИСЛИ ПОВТОРНО

- Вовед
- Моќта на занаетчиството
- Преку занаетчиство до повторно искористување на материјалите
- Каде да бараш
- Практични работилници
- Преправи, искористи, измисли повторно
- ПОВЕЌЕ ОД ОДРЖЛИВОСТ: Развивање на социјални животни вештини
- Резиме и заклучок



## ВОВЕД

Во овој модул го насочуваме фокусот кон креативната реконструкција — спојување на традиционалните занаетчиски техники со современи методи на повторно искористување на материјалите.

Надоврзувајќи се на подигнатата свесност во Модул 1 и чекорите истражени во Модул 2, учесниците сега ќе се вклучат во практична повторна употреба инспирирана од културното наследство и одржливите вредности.

Преку овој пристап, не само што го намалуваме отпадот, туку ја оживуваме и убавината и значењето на заборавените занаети.





## МОЌТА НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО

Традиционалните занаети ја носат мудроста на генерациите — вештини пренесувани низ времето кои нè поврзуваат со нашите корени, заедници и со природата. Во контекст на одржливата мода, овие техники нудат многу повеќе од украс; тие се алатки за свесно создавање, поправка и обновување. Со оживување и преосмислување на занаети како везење, ткаење или шиење, и’ даваме нов живот на старата облека и го намалуваме отпадот, истовремено почитувајќи го културното наследство и личната креативност.

# ПРЕКУ ЗАНАЕТЧИСТВО ДО ПОВТОРНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

Преку занаетчиството, износената облека станува платно за креативност. Искината кошула може да се претвори во навлака за перница, а обично здолниште, фустан или џемпер може да добие нов живот преку шарен пачворк или рачно насликани мотиви. Овие традиционални техники не се само поправки — тие се уметнички изрази што ги слават несовршеностите и раскажуваат лични приказни. Секоја нишка, секој бод станува креативен бунт против брзата мода, претворајќи го она што било отфрлено во нешто длабоко значајно и уникатно убаво.



## КАДЕ ДА БАРАШ


Пред

Инспирацијата за повторно искористување на материјалите со традиционални занаети е насекаде околу тебе. Прашај ги баба и дедо или локални занаетчии за техники што се заборавени. Посети пазар за старини, продавници за облека од втора рака или занаетчиски работилници. Пребарај онлајн видеа, блогови за занаети или веб-страници за културно наследство. Патувањето започнува со љубопитност и отворен ум.


Потоа

# ПРАКТИЧНИ РАБОТИЛНИЦИ




**Твоето омилено парче е оштетено?**

Не го фрлај — тоа е совршена можност да го претвориш во нешто уникатно и уште полично. Со малку креативност, можеш да му дадеш нов живот и приказна што вреди да се носи.



# ПРАКТИЧНИ РАБОТИЛНИЦИ



Немаш талент за сликање?

Нема проблем!

Искористи копчиња, чипка, лисја или дури и калапи за колачи како шеми за да го оживееш твоето парче облека.






## ПРЕПРАВИ, ИСКОРИСТИ, ИЗМИСЛИ ПОВТОРНО

Креативноста е клучот за претворање на отпадот во чудо. Со менување на начинот на размислување, секое парче ткаенина, скршен патент или неусогласено копче станува можност – почетна точка за нешто убаво, корисно и неочекувано.

Наместо да ги фрламе работите, може да смислиме нови намени, форми и приказни. Со креативно размислување, се префрламе од потрошувачи кон создавачи, претворајќи ја модата во чин на грижа, иновација и одговорност кон планетата.

**ПОВЕЌЕ ОД ОДРЖЛИВОСТ: Развивање на социјални животни вештини**

Додека се грижиме за животната средина, паралелно развиваме и клучни социјални вештини. Преку практични изработки и реупотреба на материјалите, ја поттикнуваме креативноста, ги развиваме вештините за решавање проблеми, трпеливоста и фокусот на детали.



Соработката за време на групни проекти гради тимска работа и комуникациски вештини, додека претставувањето на нивната работа поттикнува самодоверба и способности за раскажување приказни и јавен говор.

Овие искуства не само што формираат посвесни потрошувачи, туку и поспособни, посочувствителни личности подготвени да направат разлика.



## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОК

Во овој модул истражувавме како традиционалните занаети можат да се оживеат и преосмислат преку реупотреба на материјалите за да се создаде одржлива мода. Со спојување на старите техники и новите идеи, ја откриваме вредноста на креативноста, културното наследство и снаодливоста. Освен што го намалува отпадот, овој практичен процес развива корисни вештини, поттикнува значајна соработка и создава подлабока поврзаност со материјалите што ги користиме и со влијанието што го имаме.
Иднината на модата не се состои во купување повеќе, туку во создавање подобро — со нашите раце, срца и умови.



STOP fast fashion
Sustainable fashion

Проектот е кофинансиран од Европската Унија. Изразените ставови и мислења се единствено на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите и мислењата на Европската Унија или на Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија и EACEA не сносат одговорност за нив.

Сите резултати развиени како дел од проектот „STOP FAST FASHION“ се достапни под отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Копирањето или обработката на овие материјали целосно или делумно без согласност од авторот е забрането. При користење на резултатите, задолжително е да се наведе изворот на финансирање и авторите.

Co-funded by the European Union

FERI

MATA